Врз основа на член 32 став (1) точка 3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22) и член 41 став (11) од Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/23), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 25 мај 2023 година, донесе

# Упатство за реализирање на обврската за објавување на внатрешни информации

## I. Вовед

Со цел правилна примена и исполнување на обврската за објавување на внатрешни информации и укажување на најдобрите практики за извршување на законски утврдените обврски на вршителите на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: РКЕ) го подготви ова Упатство врз основа на одредбите и дефинициите во Законот за енергетика*[1], Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија*[2] (во понатамошниот текст: Правилникот) и водејќи се според Упатството на Агенцијата за соработка на енергетските регулатори (ACER) за примена на Регулативата (ЕУ) бр. 1227/2011 на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2011 година за интегритет и транспарентност на пазарот на енергија на големо (REMIT), 6-то издание[3].

## II. Примена на дефиницијата за „внатрешна информација“

Пристапот за да се утврди дали определен факт[4] се квалификува како „внатрешна информација“ се состои од два чекора.

Прв чекор е да се утврди дали во информацијата е содржан барем еден од критериумите наведени во член 3 став (1) точка 88) од Законот за енергетика*, каде под „внатрешна информација“ е наведено дека се подразбира:

---

[1] Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19, 236/22)

[2] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/23

[3] ACER Guidance on the application of Regulation (EU) No 1227/2011 of the European Parliament and of the Council of 25 October 2011 on wholesale energy market integrity and transparency 6th Edition

[4] Под факти се подразбираат околности, настани, инциденти, податоци, елементи или кој било друг вид на информации.

- информација што треба да биде објавена во согласност со Законот за енергетика* и со прописите и другите акти донесени или одобрени согласно со овој закон. Овде особено се подразбираат информациите за кои има утврдено обврска да се објават во согласност со Регулативите (ЕУ) бр. 2019/943[5] и (ЕЗ) бр. 715/2009[6], вклучувајќи ги и упатствата и мрежните правила усвоени во согласност со тие регулативи;
- информација поврзана со капацитетите и користењето на објектите за производство, складирање, потрошувачка или пренос на електрична енергија или природен гас, вклучувајќи ги планираната и непланираната недостапност (нерасположливост) на овие објекти. На пример, било кој факт кој се однесува на сите планирани и непланирани промени на капацитет или излезна количина (output), без оглед на обемот, во објект за производство, складирање, потрошувачка и пренос на електрична енергија или природен гас;
- информација што мора да биде јавно достапна во согласност со обврските утврдени во Законот за енергетика* и со прописите и другите акти донесени или одобрени согласно со овој закон, договорите или вообичаените практики на релевантниот пазар на енергија на големо, доколку е веројатно овие информации да имаат значителен ефект врз цените на енергетските производи на големо. Под прописи и други акти донесени или одобрени согласно Законот за енергетика* особено се подразбираат пазарните правила, Правилата за формата, содржината и динамиката за доставување и објавување на податоци донесени од ОЕПС[7] на 21.11.2019 година и усогласени со Регулативата (ЕЗ) 543/2013[8] и
- други информации кои учесник на пазарот најверојатно би ги користел како основа за носење одлука за тргување и за издавање налог за тргување со енергетски производ на пазарите на големо.

Втор чекор е да се утврди дали информацијата ги исполнува четирите кумулативни услови утврдени во член 3 став (1) точка 88) од Законот за енергетика*, односно дали информацијата е:

- прецизна,
- не е јавно објавена,
- поврзана е со еден или повеќе енергетски производи на пазарот на големо и
- веројатно ќе има значително влијание врз цените.

5 Регулатива (ЕУ) бр. 2019/943 на Европскиот Парламент и Советот од 5 јуни 2019 година за внатрешниот пазар на електрична енергија, која ја укина Регулативата (ЕЗ) бр.714/2009 на Европскиот парламент и Советот од 13 јули 2009 година за условите за пристап на мрежата за прекугранична размена на електрична енергија и која ја укинува Регулативата (ЕЗ) бр.1228/2003

6 Регулатива (ЕЗ) бр. 715/2009 на Европскиот Парламент и Советот од 13 јули 2009 година за условите за пристап на мрежата за пренос на природен гас и која ја укинува Регулативата (ЕЗ) бр.1775/2005

7 Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје (АД МЕПСО Скопје)

8 Регулатива (ЕЗ) бр.543/2013 на Комисијата од 14 јуни 2013 година за доставување и објавување податоци за пазарите на електрична енергија и со која се менува Прилог 1 на Регулативата (ЕЗ) бр.714/2009 на Европскиот парламент и Советот

## III. Концепт на разумен учесник на пазарот

Во случаите кога при проверка дали определен факт се квалификува како „внатрешна информација“ според член 3 став (1) точка 88 од Законот за енергетика* , при што таквиот факт не е опфатен со првите три алинеи од оваа точка, се користи „тест за разумен учесник на пазарот“.

Концептот на „учесник на пазарот“ може да опфати различни профили на учесници на пазарот (на пр. почетник, просечен, информиран, професионален учесник на пазарот) со различни стратегии за тргување (на пр. оптимизација на портфолиото, арбитража, шпекулации) кои опфаќаат краткорочни и/или долгорочни енергетски производи.

Концептот на „разумност“ е во значајна мера поврзан со употребата на когнитивни елементи од страна на учесникот на пазарот при носењето на неговите деловни одлуки. Од друга страна, учесникот на пазарот кој донесува деловни одлуки врз основа на некогнитивни елементи, како што се инстинкт или расположение, не треба да се смета за разумен.

За да се квалификува определен факт како „внатрешна информација”, доволно е да се утврди дека барем еден од овие профили на учесници на пазарот најверојатно го искористил тој факт како дел од основата за носење одлука за склучување трансакција во врска со определен енергетски производ на пазарот на големо, или за носење одлука за издавање налог за тргување со енергетски производ на пазарот на големо.

При употреба на „тестот за разумен учесник на пазарот” од страна на РКЕ се користат следните индикатори:

- се прави разлика помеѓу концептот „најверојатно би ги користел“ од концептот „би сакал да ги користи“ - тестот не се однесува на тоа дали постои желба од страна на разумниот учесник на пазарот да користи некој вид на информации. Наместо тоа, тестот се користи за да се процени дали е разумно за еден учесник на пазарот да има легитимно очекување дека таквите информации се достапни.
- затоа, концептот „најверојатно би ги користел“ треба да се толкува врз основа на она што може разумно да се очекува да биде објавено (на пример, фактот дека еден учесник на пазарот би сакал да ги користи плановите за тргување на своите конкуренти за своја стратегија за тргување не значи дека овие планови се „внатрешни информации“, бидејќи тие не се информации што „разумно може да се очекува да бидат објавени“ и кои веројатно би ги користел разумен учесник на пазарот).
- фактот дека еден учесник на пазарот користел споредливи факти (на пример, во различни моменти во времето) како основа за своите одлуки за тргување, може да се смета како замена (алтернатива) за понатамошна проценка, со ад хок анализа, дали фактот е информација што „најверојатно би се користела“ од страна на „разумен учесник на пазарот“.

## IV. Четири кумулативни услови за „внатрешна информација”

Како што беше посочено и погоре, вториот чекор за да се утврди дали информацијата се квалификува како „внатрешна информација“ е да се утврди дали ги исполнува четирите кумулативни услови од член 3 став (1) точка 88) од Законот за енергетика*, односно дека „внатрешната информација”:

- е прецизна,
- не е јавно објавена,
- е поврзана односно се однесува директно или индиректно, на еден или повеќе енергетски производи на пазарите на големо и
- доколку биде објавена, најверојатно значително би влијаела на цените на тие енергетски производи на пазарот на големо.

Учесниците на пазарот се должни да утврдат дали информациите што ги поседуваат:

- потенцијално претставуваат „внатрешни информации“ според горенаведените четири кумулативни услови и
- доколку претставуваат „внатрешни информации“, јавно да ги објават согласно член 41 став (1) од Правилникот.

За да се има соодветна рамка за проценка на информациите, се препорачува учесниците на пазарот да имаат јасни внатрешни правила за усогласеност кои се приспособени на нивните активности и на специфичностите на информациите што ги користат и до кои имаат пристап.

Согласно најдобрите практики, внатрешни правила за усогласеност може да вклучуваат:

- рамка за проценка дали фактите што се достапни може да се квалификуваат како внатрешна информација. Ова може да вклучува, на пример, мерки за тоа како да се идентификуваат внатрешните информации, соодветно тестирани прагови[9] итн.;
- соодветен работен проток на информациите, усогласен со присуството на внатрешни информации. Ова може да вклучува, на пример, мапирање на протокот на информации, мерки за тоа како да се постапува со внатрешни информации итн. и
- списоци на инсајдери и/или механизми за идентификување на инсајдери[10].

Внатрешните правила за усогласеност треба да бидат во согласност со организациската структура и стратегијата за тргување на учесниците на пазарот.

[9] На пример, квалитативна и квантитативна (економетриска) анализа за тестирање на веројатноста за значаен ефект врз цената

10 Под „инсајдер“ се подразбира лице кое има пристап до внатрешни информации кои се однесуваат, директно или индиректно, на учесникот на пазарот, без разлика дали тоа е на редовна или привремена основа.

## 4.1 Прецизни информации

Информацијата се смета за прецизна ако укажува на збир од околности или настани коишто постојат или се очекува да настанат или да се случат и е доволно детаљна за да овозможи донесување заклучок за влијанието на тие околности или настани врз цените на енергетските производи на пазарот на големо, а согласно член 3 став (1) точка 89) од Законот за енергетика*. Притоа, „очекувањето да настанат или да се случат“ треба да биде „разумно“ односно „разумно да се очекува дека ќе настанат или ќе се случат“.

Дали една информација е прецизна треба да процени имателот на информацијата , за секој случај одделно, и зависи од тоа каква е информацијата, како и од дадениот контекст. Во таа проценка, имателот на информацијата може, меѓу другото, да го земе во предвид и следното:

i. дека постои реална можност фактот/околноста/настанот да се случат;
ii. дека проценката на потенцијалниот ефект врз цената од објавувањето на информацијата е ирелевантна за проценката на тоа дали информацијата е прецизна или не и
iii. дека доколку станува збор за долг процес составен од повеќе меѓу-чекори/фази, истите може да се сметаат за прецизни информации.

### (i) Доволно е да постои реална можност фактот/околноста/настанот да се случат за да информацијата поврзана со тој факт/околност/настан се смета за прецизна

Информацијата е прецизна сé додека постои реална можност дека околностите или настаните на кои се однесува ќе настанат/ ќе се случат, при што се земаат во предвид сите фактори кои постојат во моментот на проценката.

### (ii) Проценката на потенцијалниот ефект врз цената од објавувањето на информацијата е ирелевантна за проценката дали информацијата е прецизна или не

Пресметката на потенцијалниот ефект на информацијата врз цените на енергетските производи на пазарот големо не е елемент што треба да се земе во предвид при проценката на прецизната природа на информацијата. Сепак, веројатноста за значителен ефект врз цената треба да се процени за да се утврди дали информацијата е внатрешна информација.

Поконкретно, за да може информацијата да се смета дека е прецизна, не е неопходно да може да се заклучи, со доволен степен на веројатност, дека таквата информација, откако ќе биде објавена во јавноста, ќе има потенцијален ефект врз цените на релевантните енергетски производи на пазарот големо.

**(iii) Меѓу-чекори/фази во долг процес може да бидат прецизни информации**

Меѓу-чекори/фази во долг процес кои доведуваат до идни околности или настани може да се сметаат за прецизни информации. Познавањето на таквите чекори може да претставува предност што може да ја загрози целта кои се заштитени со Законот за енергетика* и Правилникот, а тоа е учесниците на пазарот да имаат еднаква појдовна основа и да се зајакне интегритетот на пазарот преку симетрија на информациите.

Меѓу-чекори/фази кои доведуваат до идни околности или настани треба да бидат доволно специфични за да овозможат да се извлечат заклучоци за веројатниот ефект на тој збир на околности или настани врз цените на енергетските производи на пазарот на големо.

## 4.2 Информации кои не се објавени во јавноста

Внатрешните информации се информации кои не се споделени со јавноста и, како последица на тоа, создаваат информациска асиметрија помеѓу учесниците на пазарот. Ефективното објавување/обелоденување во јавност, односно на учесниците на пазарот, е критериум со кој внатрешните информации кои не биле јавни стануваат информации од јавен карактер. Штом информациите ќе станат јавни, тие ги подобруваат интегритетот и транспарентноста на пазарот.

Општо земено, информациите се сметаат за јавно познати доколку таквите информации, без разлика кој го овозможил тоа, станале достапни на јавноста, односно на неодреден број учесници на пазарот. Во овој контекст, небитно е кој ја објавил информацијата, односно не се прави разлика дали информацијата е објавена од страна на учесник на пазарот или од која било друга страна.

Потребно е информациите да бидат достапни до целокупната јавност, односно до сите учесници на пазарот истовремено, со што се обезбедува еднаков пристап до нив, при што секој заинтересиран учесник на пазарот може да направи нивна проценка. Ова се овозможува преку општо достапен електронски систем за ширење (споделување) на информации, односно преку Платформа за внатрешни информации. Оттука, објавувањето информации само на избрани учесници на пазарот, на пример преку е-пошта или информативна табла, не го задоволува барањето за информирање на јавноста.

## 4.3 Информации кои се однесуваат на енергетски производи на пазарот на големо

Дефиницијата за „внатрешни информации“ бара релевантните информации да се однесуваат, директно или индиректно, на еден или повеќе енергетски производи на пазарот на големо.

„Енергетски производ на пазарот на големо“ е дефиниран во член 3 став (1) точка 90) од Законот за енергетика* како договор или дериватив, без оглед на местото и начинот на тргување, за снабдување или пренос на електрична енергија или природен гас каде испораката или преносот се врши на територијата на Република Северна Македонија или на територијата на договорна страна или учесник во Договорот за енергетска заедница, при што договорите за снабдување и дистрибуција на електрична енергија или природен гас за крајните потрошувачи не се сметаат за енергетски производи на пазарите на големо, освен договорите за снабдување на крајни потрошувачи со капацитет на потрошувачка еднаква или поголема на потрошувачката определена во Законот за енергетика *.

Информациите што имаат можен ефект врз побарувачката, понудата и/или цените на енергетскиот производ на пазарот на големо, или на очекувањата за побарувачката, понудата и/или цените на енергетскиот производ на пазарот на големо, ќе се сметаат за директно или индиректно поврзани со енергетскиот производ на пазарот на големо.

Во овој контекст, доколку е веројатно информацијата да има значителен ефект врз цените на енергетските производи на пазарите на големо, таа нужно е поврзана со овие производи. Оттука, за да се утврди дали информацијата се однесува на енергетските производи на пазарот на големо, РКЕ врши проценка на веројатноста за значителен ефект врз цените на енергетските производи на пазарот на големо од таквата информација.

## 4.4 Веројатност да има значителен ефект врз цената на енергетските производи на пазарот на големо

Се смета дека информацијата претставува внатрешна информација само доколку, во случај кога ќе биде објавена, веројатно би имала значително влијание врз цените на енергетскиот производ на пазарот на големо за кој се однесува.

Важно е да се истакне дека само „веројатноста“ за значителен ефект врз цената е доволна за да се исполни овој услов и дека не е потребен вистински ефект врз цената.

Проценката на веројатноста за ефектот врз цената треба да ја изврши учесникот на пазарот, за секој случај одделно. Учесникот на пазарот треба да го земе предвид очекуваниот ефект на информациите, притоа имајќи ја предвид природата на информациите, како и специфичностите на пазарот и состојбата на пазарот во времето на проценката.

Пример на фактори кои вообичаено се сметаат за релевантни за оваа проценка:

- карактеристики на пазарот (големина, временска рамка, дизајн на пазарот, ликвидност, тип на учесници итн.);
- големина на настанот;
- веќе објавени информации за состојбата со понудата или побарувачката;

- расположливост и нерасположливост на преносни капацитети, складирање или мрежни ограничувања;
- времето од денот (на пр. работен ден/викенд, работно време/вон работно време);
- најави за нередовни настани (на пример, пуштање во употреба на нова електроцентрала, повторно пуштање во употреба на електроцентрала итн.);
- соопштенија на ОЕПС/ОСППГ поврзани со системот (дебаланси, сигурност во снабдувањето, технички ограничувања итн.); и
- сите други пазарни варијабли кои веројатно ќе влијаат на цената на поврзаниот енергетски производ на пазарот на големо во дадени околности (на пр. временски услови, $CO^2$, цени на горивото, вести за политички и геополитички случувања итн.).

Препорачливо е учесниците на пазарот да имаат системска рамка за проценка дали одредени информации веројатно ќе имаат значителен ефект врз цената, т.е. јасни внатрешни правила за усогласеност кои ги одразуваат горенаведените примери на фактори и се приспособени на нивните активности и на специфичностите на информациите со кои работат.

Бидејќи проценката на веројатноста за ефектот на цената треба да ја изврши учесникот на пазарот ex ante, т.е. пред информацијата да биде објавена и искористена од страна на учесникот на пазарот, РКЕ може да користи ex post информации за да ја провери претпоставката, но нема да презема активности против лицата кои донеле разумни заклучоци од ex ante информации кои им биле достапни.

Со цел да се процени дали проценката на учесникот на пазарот за веројатноста некои информации да имаат значителен ефект врз цената е во согласност со она што би се очекувало од разумен учесник на пазарот, РКЕ би можела да потврди дали:

- видот на информацијата е ист како и информацијата која во минатото имала значително влијание врз цените;
- претходни аналитичко-истражувачки извештаи, ценовни публикации и мислења укажуваат дека видот на информацијата за која станува збор има ефект врз цените;
- самиот учесник на пазарот веќе третирал слични настани како внатрешни информации;
- друг разумен учесник на пазарот веќе третирал слични настани како внатрешни информации или
- разумен учесник на пазарот веројатно ќе ја користи како дел од своите деловни одлуки.

### 4.5 Информации за плановите и стратегиите за тргување

РКЕ во своите проценки нема да ги смета како внатрешна информација, информациите кои произлегуваат од плановите и стратегиите за тргување на учесникот на пазарот.

РКЕ ги смета „плановите за тргување“ како планови кои вклучуваат систематски метод за проценка на понудата, побарувачката или цената на енергетските производи на пазарот на големо, одредување на висината на ризикот што постои или треба да биде преземен и/или формулирање на краткорочни и/или долгорочни инвестициски цели согласно кои може да се водат секојдневните трговски активности. Последиците од овие краткорочни и/или долгорочни инвестициски цели, во однос на потребите за енергија и добиените налози за тргување, треба да се сметаат како дел од плановите за тргување на учесникот на пазарот и затоа не претставуваат информација согласно Законот за енергетика* и Правилникот.

РКЕ ги смета „стратегиите за тргување“ како збир на објективни правила кои ги одредуваат условите што мора да се исполнат за да се случат еден или повеќе почетоци и прекини на тргување. Стратегијата за тргување вклучува спецификации за еден или повеќе записи за налози, кои може да вклучуваат еден или повеќе филтри и/или иницијатори, како и правила за прекини на тргување, типови на налози итн.

Во секој случај, дури и ако детали од стратегијата за тргување (на пр. конкретен налог поднесен од учесник на пазарот) не се квалификува како внатрешна информација според Законот за енергетика* и Правилникот, фактите што се искористиле за да се утврди или промени тој налог може да претставуваат внатрешна информација.

## V. Реализирање на обврската за откривање на внатрешни информации

Согласно член 41 став (1) од Правилникот:

„Учесниците на пазарите на енергија на големо, се обврзани ефективно и навремено, јавно да ги објават внатрешните информации кои ги поседуваат во однос на дејноста или објектите кои тие, или со нив поврзани друштва ги поседуваат или управуваат, или се делумно или целосно одговорни за нивното работење. Објавата особено ги содржи информациите за капацитетот и употребата на објектите за производство, складирање, пренос и потрошувачка на електрична енергија или природен гас, вклучително и планирана и непланирана нерасположливост на овие објекти.“

Обврската за објавување/обелоденување внатрешни информации е на учесникот на пазарот. Обврската за објавување/обелоденување не се однесува само на внатрешни информации во однос на сопствената деловна активност или капацитети на учесникот на пазарот, туку и на внатрешни информации на поврзаните друштва (друштвото-мајка на учесникот на пазарот или поврзаното друштво). Дополнително, обврската за објавување/обелоденување не е поврзана само со внатрешни информации во однос на деловната активност или објектите што ги поседува(ат) или

ги контролира(ат) учесникот на пазарот или поврзаните друштва, туку и во однос на деловната активност или објектите за чии оперативни прашања е одговорен учесникот на пазарот или поврзаното друштво, целосно или делумно. Обврската за објавување внатрешни информации не се однесува на лице или учесник на пазарот кој поседува внатрешни информации во однос на деловната активност или објектите на друг учесник на пазарот, доколку тој имател на овие внатрешни информации, не е поврзано друштво. Без оглед на претходно наведеното, лицата кои поседуваат информации во такви околности ќе треба да разгледаат дали постапуваат во согласност со член 25-а став (1) од Законот за енергетика* и член 40 од Правилникот, а особено дали поседуваат такви информации како едно од лицата наведени во член 40 став (1) од Правилникот. Во врска со ова, РКЕ препорачува лицата кои поседуваат такви информации веднаш да го информираат релевантниот учесник(и) на пазарот со цел да се изврши ефективно и навремено усогласување со член 41 став (1) од Правилникот.

Членот 41 ставови (4) и (5) од Правилникот ја проширува обврската за објавување од член 41 став (1) од Правилникот на лице кое е вработено или кое дејствува во име на учесник на пазарот, во случаите кога тоа лице обелоденува внатрешни информации на кое било друго лице во редовниот тек на извршување на неговите работни обврски, професија или должности како што е наведено во член 25-а став (1) точка 2) од Законот за енергетика*. Во таков случај, тој учесник на пазарот или лице ќе обезбеди истовремено, целосно и ефективно објавување на тие информации. Меѓутоа, обврската за објавување од член 41 ставови (4) и (5) од Правилникот не се применува доколку лицето што ги прима информациите има должност за доверливост, без разлика дали таквата должност произлегува од закон или друг пропис, статут, акт за основање на друштвото, договор или во друг правно обврзувачки акт.

## 5.1 Објавување на внатрешни информации на ефективен начин

### 5.1.1 Механизми за објавување

Транспарентноста на пазарите на големо со енергија бара објавување на внатрешни информации на начин што овозможува ширење / споделување на информации до што е можно поширока јавност, овозможувајќи лесен и еднаков пристап на сите корисници на овие информации. Согласно член 41 став (6) од Правилникот, за да се постигне ефективно објавување, информациите треба да се објават со помош на платформа за објавување на внатрешни информации (Inside Information Platform или IIP што им овозможува на повеќе учесници на пазарот да споделуваат информации со пошироката јавност.

Користењето на платформи за внатрешни информации како стандарден механизам за објавување е поддржано од фактот дека:

a) Овој механизам за објавување произлегува од член 4(1) и член 4(4) од REMIT, согласно кој објавувањето на внатрешни информации, вклучително и во збирна форма, во согласност со Регулативата (ЕУ) 2019/943 или (ЕЗ) бр. 715/2009, или упатствата и мрежните правила усвоени во согласност со тие

регулативи, претставува истовремено, целосно и ефективно јавно обелоденување. Правилата за транспарентност според овие регулативи предвидуваат објавување на транспарентни информации на централните платформи за транспарентност на информациите. Оттука, објавувањето преку платформа за објавување на внатрешни информации ќе поттикне доследно разбирање на ефективно обелоденување во согласност со член 4(1) од REMIT и член 4(4) од REMIT односно член 41 ставови (1) и (6) од Правилникот.

б) Намалувањето на бројот на механизми за објавување води до значително намалување на сложеноста и напорот на учесниците на пазарот да пристапат и да ги користат информациите што се објавени според член 41 од Правилникот.

Со цел да се олесни усогласеноста со обврската за обелоденување, на REMIT порталот на ACER е објавен список[11] на платформи за внатрешни информации достапни во Европа, чија намена е објавување на внатрешни информации за пазарите на големо на енергија. Учесниците на пазарите на големо во Република Северна Македонија се обврзани да користат некои од овие платформи за објавување на внатрешни информации.

Во однос на објавувањето на внатрешни информации, вклучително и во збирна форма, ќе се смета за истовремено, целосно и ефективно јавно објавување согласно член 41 став (7) од Правилникот, под услов објавените информации да се однесуваат на ист настан(и) и имаат иста содржина и форма и се во согласност со минималните барања за квалитет како информации што се бараат да се објават со Законот за енергетика*. Правилата за формата, содржината и динамиката за доставување и објавување на податоци донесени од ОЕПС, вклучително и насоки и мрежни правила донесени во согласност со закон.

Истовремено објавување на веб-страницата на учесникот на пазарот или преку социјалните медиуми може да се користи како дополнителен начин на објавување, но тоа не може да го замени објавувањето на платформи за објавување на внатрешни информации (Inside Information Platforms). Доколку се користат дополнителни начини за објавување, на пр. веб-страница на учесник на пазарот, учесникот на пазарот мора да се погрижи објавените информации да бидат идентични со оние објавени на Платформата за објавување на внатрешни информации.

Објавувањето на внатрешни информации на платформите го олеснува пристапот до информации за сите учесници на пазарот и ја промовира севкупната транспарентност на пазарот. Дополнително, ова решение го намалува целокупниот технички и организациски товар за учесниците на пазарот. Во овој поглед, во процесот на регистрација согласно член 6 од Правилникот, од учесниците на пазарот кои поседуваат внатрешни информации се бара навремено да обезбедуваат и редовно да ги ажурираат информациите за местото на објавување на внатрешните информации. РКЕ ќе го објави овој податок како дел од Регистарот на учесници на пазарот на енергија на големо.

[11] https://www.acer-remit.eu/portal/list-inside-platforms

### 5.1.2 Минимални барања за квалитет за ефективно објавување на внатрешни информации

И покрај тоа што учесниците на пазарот се одговорни за објавување на внатрешни информации, тие немаат влијание врз работата на платформите. Оттука, РКЕ смета дека учесниците на пазарот не се одговорни за привремените технички проблеми на таквите платформи, кои ги исполнуваат минималните барања за квалитет утврдени од ACER. Доколку информацијата била доставена на платформата навремено и имало привремени технички проблеми, учесникот на пазарот не треба да се смета дека ја прекршил обврската за објавување на внатрешни информации. Во такви околности, учесниците на пазарот би можеле да размислат за алтернативно решение, под услов да ги исполнува истите релевантни минимални барања за квалитет за платформите. Во овој случај, учесниците на пазарот треба да дадат информации за алтернативното решение во процесот на регистрација согласно член 6 од Правилникот. Меѓутоа, ако техничките проблеми продолжат, учесниците на пазарот треба да размислат за користење други платформи со цел да ја исполнат обврската за објавување. Кога објавувањето е одложено во такви околности, учесникот на пазарот ќе треба да ја земе во предвид неговата усогласеност со забраната од член 25-а став (1) од Законот за енергетика* и член 40 од Правилникот пред информациите навистина да бидат објавени на пазарот.

Објавувањето на внатрешните информации треба да биде колку што е можно поконцизно, конкретно, прецизно и целосно за да овозможи правилно разбирање на основните настани што потенцијално би можеле да влијаат на цените на енергетски производи на пазарот на големо. Понатаму, внатрешните информации треба да бидат објавени во форма што ќе ја зајакне целокупната транспарентност и ќе обезбеди рамноправно поле за игра на учесниците на пазарот.

Секое објавување не треба да вклучува изјави и пораки од управители или членови на органи на управување или орган за надзор на друштвото, каква било форма на реклами или какви било други ирелевантни информации. Од истата причина, не треба да се користат оградувања од одговорност (disclaimers). Ако се користат оградувања, тие треба да бидат јасно одвоени од главниот дел на информацијата.

Ако во објавувањето е потребно да се наведе прогноза (на пр. во однос на времетраењето на прекинот), јасно е дека таквата прогноза содржи елемент на неизвесност. Затоа, РКЕ смета дека учесниците на пазарот ги исполнуваат барањата за објавување доколку прогнозата се заснова на сите достапни податоци и е подготвена со разумен напор. Ако прогнозата се промени со текот на времето, објавата треба соодветно да се ажурира веднаш штом ќе бидат достапни новите информации.

Обврската за објавување на внатрешни информации не е во спротивност со примената на правото за заштита на конкуренцијата.

Објавувањето на внатрешни информации на нецелосен или неточен начин, РКЕ нема да го смета за ефективно објавување и истото ќе претставува прекршување на член 41 од Правилникот.

## 5.2 Навремено објавување на внатрешни информации

Во однос на навремено објавување на внатрешни информации, РКЕ смета дека:

- ако внатрешните информации треба да бидат објавени во согласност со Законот за енергетика* и со прописите и другите акти донесени или одобрени согласно со овој закон, особено оние за кои има утврдено обврска да се објават согласно Регулативата (ЕУ) 2019/943 и (ЕЗ) бр. 715/2009, вклучувајќи ги упатствата и мрежните правила усвоени во согласност со овие Регулативи, како и Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр. 543/2013, транспонирана во Правилата за формата, содржината и динамиката за доставување и објавување на податоци донесени од ОЕПС, објавувањето според овие правила и прописи, вклучително и во збирна форма, се смета за истовремено, целосно и ефективно јавно обелоденување (член 41 став (7) од Правилникот). Сепак, треба да се нагласи дека дури и ако член 41 став (7) од Правилникот наведува дека објавувањето на внатрешни информации, вклучително и во збирна форма, во согласност со горенаведените прописи, претставува истовремено, целосно и ефективно јавно обелоденување, тоа не мора да значи дека е и навремено објавување, односно внатрешните информации во секој случај треба да се објават **пред да се тргува со енергетските производи на пазарот на големо за кои тие информации се однесуваат** или кога на друго лице му се препорачува да тргува со енергетските производи на пазарот на големо за кои тие информации се однесуваат.
- ако внатрешните информации не мора да бидат објавени јавно во согласност со Законот за енергетика* и со прописите и другите акти донесени или одобрени согласно со овој закон, особено оние за кои има утврдено обврска да се објават согласно Регулативите (ЕУ) 2019/943 и (ЕЗ) бр. 715/2009, вклучувајќи ги упатствата и мрежните правила усвоени во согласност со овие Регулативи, како и Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр. 543/2013, транспонирана во Правилата за формата, содржината и динамиката за доставување и објавување на податоци донесени од ОЕПС, РКЕ смета дека нема причина за примена на различна разумна временска рамка за објавување на информации од наведената во горенаведените прописи. Затоа, таквите информации вообичаено треба да се објават што е можно поскоро, но најдоцна во рок од еден час, доколку поинаку не е наведено во важечките правила и прописи. Но, **во секој случај, внатрешните информации треба да се објават пред да се тргува со енергетски производи на пазарот на големо за кои тие информации се однесуваат или кога на друго лице му се препорачува да тргува со енергетски производи на пазарот на големо за кои тие информации се однесуваат.**

**РКЕ смета дека учесниците на пазарот треба да подготват јасен план за усогласеност со цел објавувањето на внатрешните информации да се случува во реално време или блиску до реално време, покрај барањата за усогласеност со постоечките обврски за транспарентност од Третиот пакет.**

## 5.3 Одложено објавување на внатрешни информации

Согласно член 41 ставови (2) и (3) од Правилникот, учесник на пазарот може по исклучок да го одложи јавното објавување на внатрешни информации, односно:

Учесник на пазарот може, на сопствена одговорност, да го одложи објавувањето на внатрешната информација за да не им наштети на своите легитимни интереси, под услов:

1) одложувањето на објавувањето има мала веројатност да ја доведе јавноста во заблуда,
2) учесникот на пазарот може да обезбеди доверливост на таквата информација до објавувањето, и
3) учесникот на пазарот не носи одлуки за тргување со енергетски производи на пазарот на големо засновани на таквата информација.

Во горенаведениот случај, учесникот на пазарот е должен веднаш да ја достави информацијата, заедно со образложение на причините за одложеното објавување до РКЕ, на образецот пропишан со Прилогот 5 од Правилникот.

Одлуката за одложено објавување на внатрешната информации, како исклучок од обврската за објавување на внатрешни информации во согласност со член 41 ставови (2) и (3) ја носат учесниците на пазарот. РКЕ нема обврска претходно да ја одобри примената на член 41 ставови (2) и (3) врз основа на одреден збир на околности. Во секој случај кога учесникот на пазарот ќе избере да го одложи објавувањето, тој мора да се погрижи таквото одложување да не ја доведе во заблуда јавноста, да не донесува одлуки за тргување врз основа на тие информации и информациите да останат доверливи. Бидејќи член 41 ставови (2) и (3) бара учесникот на пазарот да не донесува одлуки за тргување врз основа на внатрешните информации чие објавување го одложил, РКЕ нагласува дека примената на член 41 ставови (2) и (3) не може да се совпадне со примената на член 40 став (3) точка 2) од Правилникот, односно или ќе бидат исполнети условите за примена на член 41 ставови (2) и (3) или ќе бидат исполнети условите за примена на член 40 став (3) точка 2) од Правилникот. Дали учесникот на пазарот правилно или погрешно го применил членот 41 ставови (2) и (3) од Правилникот може да се утврди само ex-post. Штом легитимните интереси престанат да постојат, учесникот на пазарот мора да ги објави внатрешните информации во согласност со член 41 став (1) од Правилникот.

Учесниците на пазарот кои ќе одлучат да го одложат објавувањето на внатрешните информации, се должни да ја известат РКЕ со доставување на образецот пропишан со Прилогот 5 од Правилникот. Истиот е достапен на веб страната на РКЕ.

## 5.4 Исклучок во член 41 став (9) од Правилникот

Согласно член 41 став (9) од Правилникот, обврските од ставовите (1) и (2) не го исклучуваат правото на учесниците на пазарот да го одложат објавувањето на

чувствителни информации кои се однесуваат на заштита на критичната инфраструктура, класифицирана како таква во согласност со закон.

Оттука, членот 41 став (9) е релевантен и се применува само за „критична инфраструктура“.

Согласно член 2 став (1) точка 23) од Правилникот, критична инфраструктура се средства, систем или дел од систем лоциран во Република Северна Македонија што е од суштинско значење за одржување на виталните функции на општеството, здравството, сигурноста, безбедноста, економската или социјална благосостојба на луѓето и чие нарушување или уништување има значајно влијание во Република Северна Македонија, како резултат на неисполнувањето на тие функции.

Согласно член 2 став (1) точка 22) од Правилникот, чувствителна информација поврзана со критична инфраструктура се факти (информации) за критична инфраструктура, кои ако се обелоденат можат да се искористат за планирање и дејствување со намера да се предизвика прекин или уништување на инсталациите на критична инфраструктура.

Доколку учесник на пазарот поседува внатрешни информации за таков дел од критична инфраструктура, што учесникот или неговото поврзано друштво, ги поседува или контролира или за чии оперативни прашања е одговорен, и воедно таквите информации претставуваат чувствителни информации поврзани со заштита на критичната инфраструктура, тогаш учесникот на пазарот може да го одложи објавувањето на внатрешните информации.

Сепак, треба да се нагласи дека на учесниците на пазарот не им е дозволено да го користат овој исклучок за сите внатрешни информации кои се однесуваат на критичната инфраструктура. Доколку учесникот на пазарот поседува внатрешни информации кои не претставуваат чувствителни информации кои се однесуваат на заштитата на критичната инфраструктура“, тогаш останува обврската да ги објави ваквите информации.

Бр. 01-1234/1
25 мај 2023 година
Скопје

Претседател
на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија
Марко Бислимоски

Изготвил: Билјана Јадровска Панова

Контролирал: Мартин Мартиноски

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 32 став (1) точка 3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22) (понатаму: Закон за енергетика*), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (понатаму: Регулаторна комисија за енергетика), заради извршување на работите од својата надлежност донесува упатства со кои на вршителите на енергетски дејности им укажува на најдобрите практики за извршување на нивните законски утврдени обврски, особено во врска со обезбедувањето на јавната услуга, сигурноста во снабдувањето, заштитата на потрошувачите и корисниците на јавната услуга, како и зголемувањето на ефикасноста во нивното работење.

Согласно член 41 став (11) од Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/23) (понатаму: Правилник), кој влезе со денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија, односно на 10 мај 2023 година, Регулаторната комисија за енергетика донесува и на својата веб страна објавува упатство за реализирање на обврската за објавување на внатрешни информации (понатаму: Упатство).

Согласно член 48 став (4) од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика го донесува и објавува Упатството најдоцна 15 дена од денот на влегувањето во сила на Правилникот.

Со цел вршителите на енергетски дејности во Република Северна Македонија правилно да ја разберат, применат и исполнат обврската за објавување на внатрешни информации и воедно да ги имаат предвид најдобрите практики за извршување на законски утврдените обврски, Регулаторната комисија го подготви ова Упатство врз основа на одредбите и дефинициите во Законот за енергетика*, Правилникот и имајќи ги предвид најдобрите практики од спроведувањето на Регулативата (ЕУ) бр. 1227/2011 на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2011 година за интегритет и транспарентност на пазарот на енергија на големо (REMIT), преточени во Упатството на Агенцијата за соработка на енергетските регулатори (ACER) за примена на REMIT, 6-то издание.